# Strengthening the administrative capacities for implementation of the legal framework for bankruptcy and liquidation of companies

The European Union's Instrument for Pre-accession AssistanceIPA, TAIB 2011

SC
BL

## Проект: Зајакнување на административните капацитети за имплементација на законската рамка за стечај и ликвидација на трговските друштва

**Реализирани четири советувања за законските решенија на ликвидацијата**



Во рамките на проектот „Зајакнување на административните капацитети за имплементација на законската рамка за стечај и ликвидација на трговските друштва„ во период од 14 до 23 февруари одржани се четири советувања на кои се претставени македонскиот и европскиот аспект на постојните законски решенија за излез од пазарот на несолвентни и неактивни компании.

Расправано е за .начините на ликвидација на трговските друштва, условите за спроведување доброволна и присилната ликвидација, за бришењето на трговските друштва, како и за улогата на ликвидаторите во ликвидацијата.

На советувањата, на кои учествуваа над стотина претставници на Министерството за економија и на ресорните државни институции, комори, адвокати и други заинтересирани страни, изнесени се повеќе примери на недоречености и недоследности во примената на постојната легислатива, а усвоени се и препораки за натамошни промени и законски подобрувања.

Проектот „Зајакнување на административните капацитети за имплементација на законската рамка за стечај и ликвидација на трговските друштва“ има за цел да го подобри целокупното деловно опкружување во Република Македонија, по пат на побрзо затворање на трговски друштва преку стечајни постапки и доброволна ликвидација, Проектот се реализира со средства од Инструментот за претпристапна помош (ИПА), Европската унија и е имплементиран од страна на конзорциум предводен од Pohl Consulting & Associates, во партнерство со Ernst&Young.

Скопје, 24.02. 2017